Арх.

Република Северна Македонија

-Државен инспекторат за животна средина-

Државниот инспекторат за животна средина преку Виш водостопански инспектор Виолета А. Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024год., изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Трговско друштво за вработување на инвалидни лица заштитно друштво,производство,трговија и услуги АЛПИН КОМ доо извоз-увоз Делчево со седиште на ул.„Вера Јоциќ" бр.8, Делчево, застапувано од управител Миле Лазаров и со Записник број ип1 10-332 од 25.12.2024 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 83 став 1 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/2019), а во врска со примена на одредбите од Закон за води, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Се Опоменува субјектот на надзор Трговско друштво за вработување на инвалидни лица заштитно друштво, производство, трговија и услуги АЛПИН КОМ доо извоз-увоз Делчево, да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци и вршењето на активноста да ја усогласи со одребите од Закон за води и прописите кои ја уредуваат областа, и тоа:

- Да постапува согласно условите и мерките, содржани во Дозвола бр. УП1 бр. 11/5-2384/2022 од 04.07.2023 год.

1) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 60 (шеесет) дена од приемот на решението.

2) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

~~3) Се задолжува субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од __________денари, на жиро сметка број ____________________.~~

4) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување

## Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став 1 и став 3 од Закон за води (Сл. весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на РСМ бр. 151/21)), преку Виш водостопански инспектор Виолета А.Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024 год. изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор, состави Записник број ип1 10-332 од 25.12.2024 година, во кој се констатирани наоди за утврдена фактичка состојба:

Субјектот на надзор Трговско друштво за вработување на инвалидни лица заштитно друштво, производство,трговија и услуги АЛПИН КОМ доо извоз-увоз Делчево врши експлоатација на подземна вода со црпење на сурова вода која наменски ја користи за технолошки потреби. Експлоатацијата на сурова вода се врши преку изведен експлоатационен бунар од подземно водно тело, подрачје на речен слив на река Вардар, лоциран на КП 4045/1 КО Град . За активноста која ја врши, условите и мерките кои треба да ги почитува при обавување на дејноста субјектот ја приложи следната документација:

- Тековна состојба дигитално одобрена од 16.08.2024 год.
- Дозвола УП1 бр. 11/5-2384/2023 од 04.07.2023 год. за користење на вода, одобрено од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање
- Основен проект со тех.бр. 0701-56/22 од ноември 2022 год. изработен од Друштво за геолошки,хидрогеолошки и геотермални истражувања „Геопроспект" дооел Скопје за користење на вода од експлоатационен бунар ЕБ-1 и ЕБ-2 како техничка вода која наменски ќе се користи за производниот процес и наводнување на зеленило.
- Имотен лист број 1177 за КО Град
- Ревизија на основен проект со тех.бр. ДЕ-I-760/22 од ноември 2022 год. изработен од Друштво за проектирање и услуги „Хидро-Енерго Инженеринг" доо за користење на вода од експлоатационен бунар ЕБ-1 и ЕБ-2.
- Елаборат со тех.бр. 0701-59/22 од 25.11.2022 год. изработен од Друштво за геолошки, хидрогеолошки и геотермални истражувања „Геопроспект" дооел Скопје за заштита на животната средина од експлоатација на подземна вода од експлатационите бунари.
- Елаборат со тех.бр. 0701-54/22 од 21.11.2022 год. изработен од Друштво за геолошки, хидрогеолошки и геотермални истражувања „Геопроспект" дооел Скопје за изведени хидрогеолшки истражувања на експлоатационен бунар ЕБ-1 и ЕБ-2 .
- Решение УП1 бр. 11/4-480/2023 од 13.06.2023 год. за одобрување на елаборат за заштита на животната средина издадено од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање.

Констатација од извршениот увид: Субјектот на надзор е носител на водно право за експлоатација на сурова вода и употреба на водата за технолошки потреби, за што поседува Дозвола УП1 бр. 11/5-2384/2022 од 04.07.2023 год. за користење на вода. Водозафатниот објект за црпење на сурова вода со придружните објекти се изведени согласно одобрена техничка документација и истите се одржуваат во функционална состојба, нема вградено уред за следење на состојбата на зафатената количина на вода (директно/индиректно) и не се води евиденција на дневно ниво . Субјектот, во оваа моментална утврдена фактичка состојба, постапува делумно по условите содржани во дозволата

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на решението.

Решено во Државен инспекторат за животна средина под број бр. Ип1 10-332 од 26.12.2024 година

Виш водостопански инспектор
Виолета А.Ѓорѓиева дпл.
рег.бр.06-0024 од 25.01.2024 год.

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА Скопје XXIV Shkup INSPEKTORATI SHTETËROR I MJEDISIT JETËSOR Republika e Maqedonisë së Veriut